# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на укажувачи |
| Одговорно лице и контакт информации: | Мимоза Киковска-Стојановска, државен советник<br>mkikovska@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒Друго: Преодни и завршни одредби од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“, број 96/19) |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 20.11.2019 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 12.12.2019 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 24.12.2019 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2019 година |

# 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

## *1.1 Опис на состојбите*

Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија", број 196/15 и 35/18) ги уредува заштитеното пријавување во јавниот и приватниот сектор, заради заштита на јавниот интерес, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите, односно правните лица во врска со заштитено пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите.

Со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија", број 96/19), донесен на 25.02.2019 година, се уредуваат општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции и се пропишуваат прекршочните постапки.

Согласно преодните и завршните одредби од Законот за прекршоците, рокот за усогласување на законите во кои се пропишани прекршочни санкции со одредбите на Законот за прекршоците е шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за прекршоците. Согласно член 132 став (2) „Законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе продолжат да се применуваат се до нивното усогласување со одредбите на Законот за прекршоците, но најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон."

Законот за заштита на укажувачи пропишува прекршочни санкции и неговите прекршочни одредби не се усогласени со одредбите од Законот за прекршоците.

## *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Со донесениот нов Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија", број 96/19), донесен на 25.02.2019 година, утврдена е политика на ублажување на глобите за физичките лица и градуирање на глобите за правните лица по утврден распон предвид нивната големина (класификација на трговците согласно Законот за трговските друштва[1]).

---

[1] Трговците се класифицираат во големи, средни, мали и микро трговци, во зависност од бројот на вработените, годишниот приход и просечната вредност на вкупните средства полугодишните сметки во последните две години (пресметковни години).
За микро трговец се смета трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил следниве два критериуми: 1) просечниот број на вработените, врз основа на часови на работа да е до десет работници и 2) бруто приход остварен од трговецот од кој било извор да не надминува 50.000 ЕВРА во денарска противвредност.
Мал трговец е трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа: 1) просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 50 работници и 2) годишниот приход да е помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност, или 3) просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 2.000.000 ЕВРА во денарска противвредност.
За среден трговец се смета трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа: 1)

## 2. Цели на предлог регулативата

Цел на предложениот закон е усогласување на прекршочните одредби од Законот за заштита на укажувачи со одредбите од Законот за прекршоците.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку остане постојното законско решение, ќе настапи последицата од неусогласеноста на прекршочните одредби на Законот за заштита на укажувачи со одредбите од Законот за прекршоците.

Според член 132 од Законот за прекршоците:

„(1) Законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе продолжат да се применуваат се до нивното усогласување со одредбите на овој закон, но најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.“

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Само една опција претставува решение за решавање на горенаведениот проблем:

Регулаторна мерка: Донесување измени на Законот за заштита на укажувачи, во насока на усогласување на неговите прекршочни одредби со одредбите од Законот за прекршоците.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

### *4.1 Економски влијанија*

*Посредно ограничено позитивно влијание:*

*Се предвидуваат градуирани висини на глобите за правните лица (според нивната големина односно бројот на вработени лица), што може да има позитивно економско влијание од аспект на санкционирањето на правните лица, особено во приватниот сектор.*

*Посредно ограничено негативно влијание: Ублажувањето на глобите, особено за физичките лица, може до одредена мера да охрабри недоследности во почитувањето на законските одредби, што може да има и посредно ограничено негативно влијание, со оглед на тоа што Законот за заштита на укажувачи е во функција на заштита на јавниот интерес, во чија дефиниција спаѓа и заштитата на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото.*

---

просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 250 работници и 2) годишниот приход да е помал од 10.000.000 евра во денарска противвредност или 3) просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 11.000.000 евра во денарска противвредност.

Трговците кои не се распоредуваат во мали или средни трговци стекнуваат статус на големи трговци.

### *4.2 Фискални влијанија*

*Позитивно влијание нема.*

*Посредно ограничено негативно влијание: Ублажувањето на глобите, особено за физичките лица, може до одредена мера да охрабри недоследности во почитувањето на законските одредби, што може да има и посредно ограничено негативно влијание, со оглед на тоа што Законот за заштита на укажувачи е во функција на заштита на јавниот интерес, во чија дефиниција спаѓа и Владеење на правото, спречување на ризиците по однос на одбраната и безбедноста и спречување на криминалот и корупцијата.*

### *4.3 Социјални влијанија*

*Посредно ограничено позитивно влијание:*

*Ублажувањето на глобите, особено за физичките лица, особено за овластените лица за прием на пријави од укажувачи да го намали товарот на можни социјални последици.*

*Посредно ограничено негативно влијание: Ублажувањето на глобите, особено за физичките лица, може до одредена мера да охрабри недоследности во почитувањето на законските одредби, што може да има и посредно ограничено негативно влијание, со оглед на тоа што Законот за заштита на укажувачи е во функција на заштита на јавниот интерес, во чија дефиниција спаѓа и заштитата на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, владеење на правото и спречување на ризиците по однос на здравјето.*

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

*Позитивно влијание нема.*

*Посредно ограничено негативно влијание: Ублажувањето на глобите, особено за физичките лица, може до одредена мера да охрабри недоследности во почитувањето на законските одредби, што може да има и посредно ограничено негативно влијание, со оглед на тоа што Законот за заштита на укажувачи е во функција на заштита на јавниот интерес, во чија дефиниција спаѓа и заштитата на животната средина и природата.*

### *4.5 Административни влијанија и трошоци –*

а) трошоци за спроведување

- Нема

б)трошоци за почитување на регулативата

- Нема

## **5. Консултации**

### *5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Засегнати се:

- Институциите во јавниот и правните лица приватниот сектор со 10 или повеќе вработени;
- Овластените лица за прием на пријави од укажувачи;

- Граѓаните.

Начин на вклучување:

- Консултации преку ЕНЕР;
- Официјално барање за мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Мислења од Секретаријатот за законодавство (30.12.2019 год. и 09.09.2020 год.) со забелешки за правно-техничко подобрување на текстот и прецизирање на членовите 1 и 4 од предложениот закон.
Мислења без забелешки се добиени од Државната комисија за спречување на корупцијата (26.12.2019 год.), Министерството за финансии (30.12.2019 год.) и Министерството за информатичко општество и администрација (10.01.2020 год.).

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Сите добиени мислења се земени предвид и се прифатени.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*Можно е едно решение, поради што прегледот на позитивните и негативните влијанија е даден под точка 6.3.*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*Можно е едно решение, поради што прегледот на ризиците е даден под точка 6.3.*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Регулаторна мерка: Донесување измени на Законот за заштита на укажувачи, во насока на усогласување на неговите прекршочни одредби со Законот за прекршоците.
Образложение:
Препорачаното решение има

- **посредни ограничени позитивни** економски и социјални **влијанија**,
- **посредни ограничени негативни** економски, фискални и социјални влијанија, како и посредно ограничено негативно влијание врз животната средина.

**Не предизвикува дополнителни административни влијанија и трошоци.**
**Ризикот од непримена на препорачаното решение** е настапувањето на **последицата од неусогласеноста на прекршочните одредби на Законот за**

**заштита на укажувачи со одредбите од Законот за прекршоците**. Според член 132 од Законот за прекршоците:
„(1) Законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе продолжат да се применуваат се до нивното усогласување со одредбите на овој закон, но најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон."
**Ризици по однос на спроведувањето** на предложениот закон има, и тоа ризици кои се **во зависност од спроведувањето на одредбите од Законот за заштита на укажувачи кои се однесуваат надзорот**.
**Други ризици нема.**

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Нема

### *7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Нема

### *7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

- Судовите

### *7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Дисеминација на информации за законот.

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Следењето на спроведувањето ќе се врши во рамки на следењето на спроведувањето на Законот за заштита на укажувачи, а ќе се врши на начин во согласност со Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата.

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуација на ефектите од предложениот закон ќе се врши годишно, во рамки на годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Основни параметри кои ќе се следат:

- Изречени глоби по прекршок;
- Број и категорија на сторители, по прекршок;

## Изјава од министерот

Предлог ~~Нацрт~~ - **Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на утврденото можно решение (опција) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 28.03.2020год.

..............................................
**потпис на министерот**

Изготвил: Елена Димовска, советник
Согласен: Мимоза Киковска – Стојменова, државен советник